**Република Северна Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 01-132/1
06.02. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ ОД КОРУПЦИЈА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ ЗА 2024 година

Дел. Бр. ______ Фатмир Арифи

Датум: ______ в.д. Директор

М.П.

Место: ______

## Кус осврт кон Годишниот план од в.д.Директорот

Со Годишниот план за проценка на ризици и дефинирање мерки за спречување на корупцијата за 2024 година на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам се допринесува во спроведување на генералната политика на Владата на Република Северна Македонија за борба против корупцијата и нулта толеранција при злоупотреби по однос на извршување на надлежностите и функциите во областите под негова надлежност.

Главната задача и заложба е Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам да работи транспарентно, одговорно и чесно „во служба и во интерес на граѓаните".

Нулта толеранција за корупцијата е главен предуслов за успешно владение на правото, обезбедување на еднаквост и почитување на слободата и правата на граѓаните.

Планот, како еден од клучните документи на инспекторатот, предвидува конкретни и ефикасни внатрешни и независни механизми за контрола, редовни и повремени ненајавени ревизии во работните процеси и постапки, на тој начин допринесуваме за градење на ефикасен и ефективен систем за борба против корупцијата. Ја зајакнуваме довербата на граѓаните во државата и во институциите.

Секој вработен во Инспекторатот, независно од работната позиција на која се наоѓа, е должен да работи единствено во службата и во интерес на граѓаните. При тоа, работните задачи да ги извршува навремено, ефикасно и ефективно, со целосна почит кон секој граѓанин и со целосна посветеност кон секој проблем со кој се соочуваат граѓаните, во согласност со законите.

Секој вработен е должен да ги почитува мерките и активностите предвидени во Годишниот план за проценка на ризици и спречување на корупцијата. Во суштина, мерките и активностите произлегуваат од редовните работни процеси во Инспекторатот.
Отстапки од овој план нема и не смее да има за ниту еден вработен.

Секој вработен подлежи на контрола, а работните процеси и постапки подлежат на ревизија со цел да обезбедиме целосно отстранување и на најмалата можност за евентуална корупција и злоупотреба.

Мои врвни приоритети се чесноста и одговорното и лојално работење за граѓаните. И тоа го барам и го очекувам од секој вработен во Инспекторатот и од таквиот начин на работење не отстапувам. Секој што нема да ги почитува принципите, ќе понесе одговорност.
Ние сме тука „во служба и во интерес на граѓаните".
Со почит

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019 и 110/2019) а во врска со Информацијата за преземање на мерки за борба против корупцијата и Заклучокот од Нацрт записникот од педесет и петатта седница на Владата на Република Северна Македонија точка 45, одржана на 28 јуни 2022 година, в.д Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам донесе:

## 1. Вовед

### 1.1 Цел на планот

Годишниот план за спречување на корупцијата во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за 2024 година е резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, а има за цел преку детектирање на слабостите во процесите и делокругот на работата во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам да придонсе за искоренување на корупцијата и да спречи нејзина понатамошна појава, да обезбеди владеење на правото, како и квалитет, ефективен и ефикасен придонес во борбата против корупцијата.

Планот за борбата против корупција опфаќа различни аспекти, од дефинирање на корупцијата, до тоа што секој вработен може да стори за да ги идентификува и управува етичките дилеми и ризикот од корупција.

Овој план се фокусира на утврдување конкретни активности за контрола превенција на појавата на корупција.

Обврска на сите вработени во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно со Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот и другите прописи донесени врз основа на закон. Потребно е секој вработен да го почитува Етичкиот кодекс на однесување, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата.

Цели кои се утврдуваат со овој план се создавање и унапредување на воспоставената антикорупциска инфрастуктура во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, преку унапредување на примената на законските и

подзаконските акти со кои се регулира областа на борбата против корупцијата, зголемување на транспарентноста во работењето на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и создавање на одржлива институционална и правна рамка за борба со коруцијата која истата треба да ја намали во прифатливи граници и да ја сведат на маргинална општествена појава.

### 1.2 Целна група

**Основни поими согласно Законот за спечување на корупцијата и судир на интереси**

**Корупција,** согласно Законот за спречување на судир на интереси се дефинира како злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Притоа, под овој поим се опфатени и поимите:

**Пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

**Активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Судир на интереси** се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Јавен интерес** подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

**Приватен интерес** матријален или нематеријален интерес на службено лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршење на јавни овластувања и дожности.

**Ризик од корупција** се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Интегритет** се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

## 2. Главен дел

### 2.1 За Државниот инспекторат за градежнштво и урбанизам

Годишниот план тргнува од следните долгорочни определби.

***Мисија***

*Како основна цел се поставуваат основните барања за градбата, зависно од намената, а предвидено со параметрите од планската документација со цел градбите да бидат изведени и проектирани со висок квалитет односно со механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита со рационално уредување и користење на просторот за подобри услови во согласност со еколошките стандарди како и хумано живеење и работа на граѓаните.*

*Доследно спроведување и надзор над примената на Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Закон за урбанистичко планирање и Законот за инспекциски надзор.*

*Од тука главната мисија на инспекторатот е да обезбеди еднакви можности на граѓаните на Република Северна Македонија во остварување и заштита на*

*своите права пред органите на државната управа, со почитување на принципите на владеење на правото и правната сигурност.*

***Визија***

*Нашата визија е да бидеме дел од еден ефикасен систем за остварување и заштита на правата на граѓаните пред органите на државната управа и преку неселективна примена на инструментите на инспекцискиот надзор да дадеме сериозен придонес во реализација на владината програма за создавање на сервисно ориентирана администрација која ќе биде во служба на граѓаните. Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како орган на државна управа надлежен за вршење на инспекциски надзор над спроведување на прописите од областа за која е надлежен (Закон за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за урбанистичко планирање и Закон за инспекциски надзор), цели да стане високо квалитетна институција, која со својата работа ќе придонесе во засилување на инспекцискиот надзор преку засилени надзори и ефикасно спроведување на законите за кои е надлежен.*

**2.2 Надлежност**

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како орган во состав на Министерство за транспорт и врски, согласно измените и дополнувања на Законот за инспекциски надзор се стекна со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува со правата и обврските од работен однос, што значи проширување на надлежноста и зголемување на одговорноста во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на РепубликаСеверна Македонија.

Со Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, раководи Директор кој го назначува Владата на Република Северна Македонија. Со работата на секторот во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, раководи раководител на сектор, а во негово отсуство го заменува помошникот раководител на сектор. Со одделенијата раководат раководителите на одделенијата, а во нивно отсуство ги заменува еден од стручните државни службеници со највисоко звање во одделението.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам врши инспекциски надзор на територијата на Република Северна Македонија и тоа директна надлежност за објекти од прва категорија и контрола на овластени градежни инспектори во Единиците на локална самоуправа (кои се надлежни за објекти од втора категорија), кои инспекциски надзор се спроведува согласно матичните закони.

Целите се остварливи со примена на начелата во градежништвото за изградбата на градбите кои се од значење на Републиката, а во урбанистичко

планирање преку интегрален начин во планирањето, грижа и развој на регионалните особености, остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес, јавност во постапката за изработка, донесување и спроведување на плановите, инклузивност и партиципативност во постапката, хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето, уважување на стручно утврдени факти и стандарди.

Работите на инспекциски надзор над примената на Законот за градење и прописите донесени врз основа на истиот закон ги вршат градежни инспектори на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, кои се надлежни да вршат инспекциски надзор над градби од прва категорија. Градежниот инспектор при вршењето на инспекцискиот надзор проверува дали овластениот градежен инспектор при општината ги врши работите согласно со истиот закон.

Согласно Законот за урбанистичко планирање, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам преку урбанистичките инспектори проверува дали постапките за изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови се спроведени согласно одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него.

Имајќи го предвид фактот дека корупцијата е забрането однесување кое ја загрозува демократијата и владеењето на правото односно го оневозможува и/или го отежнува остварување на правото на граѓаните, Инспекторатот врз основа на претходно анализирање на ризичните области за можност за корупција во рамките на неговите надлежности, заради заштита како на граѓаните така и на државата од корупција, а со цел почитување на владеење на правото при своето работење насочена е кон реализирање пред се на принципите на законитост, интегритет, еднаквост, јавност и заштита и одговорност.

## 2.3 Референци

**Доследна примена на законска регулатива – законски подзаконски акти**

- Закон за градење
- Закон за просторно и урбанистичко планирање
- Закон за урбанистичко планирање
- Закон за инспекциски надзор
- Закон за општа правна постапка
- Закон за постапување по претставки и предлози
- Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер
- Закон за работни односи
- Закон за административни службеници
- Закон за вработените во јавниот сектор
- Уредба за канцелариско и архивско рботење
- Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариско и архивско работење

## 2.4 Мерки активности за остварување на целите на планот

### 2.4.1 Јакнење на интегритетот на вработените, градење на култура на нетолерантност кон корупцијата

Спровдување на обуки за вработените во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за јакнење на свеста преку соработка со ДКСК, МИОА и дуги релевантни институции за конкретна област. Обуките ќе се спроведуваат континуирано за сите вработени во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, односно професионално и стручно усовршувње на вработените ќе биде постотојана активност, со цел специјализирање на областа за борба против корупција како и зајакнување на интегритетот на вработените.

### 2.4.2 Примена на законската регулатива со кои се регулира областа на борбата против корупцијата

Неопходно е доследно почитување на Законот за граење, Законот за просорно и урбанистичко планирање и Законот за урбанистичко планирање, како Законот за инспекциски надзор од каде произлегуваат надлежностите на инспекторите за спроведување на инспекциските надзори, текот на инспекциската постапка, изрекување на инспекциски мерки и чие доследно спровдување би влијаело врз законското и правилно извршување на работните задачи кои спаѓаат во делокругот на нивните надлежности.

Задолжително и доследно спроведување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси и почитување на законските одредби при вршење на работните цели и задачи од делокругот на работењето на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Вработените во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предизвикаат судир на интереси. Потребно е да се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионалност.

### 2.4.3 Почитуање на Етичкиот кодекс на инспекторите и Етичкиот кодекс на административните сужбеници

Секој инспектор и административен службеник потребно е да има висок степен на познавање на двата кодекси каде е утврдено дека инспекторите и

административните службеници не смеат да се постават во материјална или друга зависност од други лица или органи, инспекторите не смеат да ги користат службените овастувања со цел стекнување на лична корист, а имаат обврска да се спротивставуваат на сите форми на корупција во рамките на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Поттикнувањето на доброто постапување и однесување на службениците ќе ја зајакне довербата на граѓаните во работата на Инспекторатот. Административните службеници своите работни задачи да ги извршуаат посветено и професионално, работејќи непристрасно.

Административните службеници при вршење на своите приватни работи да не го користат статусот на службеник заради остварување на лична корист и злоупотреба на службената должност. Со таа цел подигнување на довербата на граѓаните како и транспарентност и отчетност на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам секој вработен е должен да обезбеди соодветни, реални и целосни информации во делокругот на своето работење, при тоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци.

### 2.4.4 Зголемување на институционалната транспарентност и доследно спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Транспарентноста на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам треба да се однесува на сите прашања од делокругот на надлежностите на истиот, кој подразбира дека на јавноста и треба да и се лесно достапни законите, буџетите и информациите за активностите на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ќе продолжи со навремено и континуирано објавување на информациите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. На веб страната на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и понатаму ќе се продолжи со практиката да се објавуваат информациите, извештаите и настаните кои се поврзани со работата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Одржување и учество на обуки на вработените за Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, а за таа цел воспоставување на соработка или потпишување на Меморандум за соработка со Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

### 2.4.5 Воспоставување на Систем за управување со ризици за појава на корупција

Проценката на ризикот од корупција ќе овозможи воспоставување на систем за превенција на корупцијата базиран на докази и ќе овозможи со ефикасно користење на расположивите ресурси да се постигне остварување на резултати во борбата против корупцијата.

За таа цел во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, ќе се изработи Регистар на ризици и план за третирање на истите. Регистарот на ризици е основ за управувањето со ризиците и нивно третирање. По изработка на Регистарот ќе се премине кон управување со ризиците преку конкретни мерки и активности и истиот ќе подлежи на ревизја еднаш годишно.

### 2.4.6 Зајакната контрола и надзор на јавните набавки и процесот за управување со јавните функции

Со цел да се заштити јавниот интерес, да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во посапките и правичен третман на понудувачите, неопходно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност на процесите, зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки, зголемување на ефикасноста во реализацијата на јавните набавки и зголемување на личниот интегритет на лицата вклучени во нивното спроведување.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам го води процесот на управување со јавните финансии преку механизмите за буџетирање, распределба, трошење и отчетност.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како буџетски корисник ќе работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста во управување со финансиските ресурси.

Отчетното управување со јавните финансии е од витално значење, а во таа насока Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ја препознава потребата од ажурно споделување со јавноста на: годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки.

### 2.4.7 Воспоставување на Систем за заштита на личните податоци-интегритет на информациите

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е во фаза на воспосавување на Системот за заштита на личните податоци што значи интегритет на податоците. За таа цел назначен е Офицер за заштита на личните податоци, потпишани се Изјави и Овластувања за тајност и обработка на личните податоци.

Во идниот период, согласно барањата на новиот Закон за заштита на личните податоци ќе биде воспоставена правна рамка со носење на Политики, Правилник и Кодекс за заштита на личните податоци.

Воедно во наредниот период во соработка со Агенцијата за заштита на лични податоци ќе се оганизираат и обуки од областа на заштита на личните податоци, со креирање на организациска култура за заштита на податоците од злоупотреба.

### 2.4.8 Активно учество во воспоставување на електронски систем за инспекција „Е-инспектор“

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам учествува во проектот за воспоставување на електронски систем за инспекција „Е-инспектор“. Во воспоставување на овој систем би се намалило субјективното влијание на инспекторот при вршење на надзор и водење на постапката. Дополнително, со воведување на овој систем би се зголемила меѓуинституционалната соработка и би се олеснила комуникацијата помеѓу инспекциските служби.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ќе се приклучи кон учесвото во овој проект од месец април 2024 година.

### 2.4.9 Целосна применливост и доследно спроведување на Законот за заштита на укажувачите

Укажувачот има посебна и значајна улога, како во репресивниот, така и во превентивниот пристап кои се преземаат во борбата против корупцијата. Злоупотребите во институциите, понекогаш се откиваат само преку обелоденување на инфомациите. Укажувањето може да биде важен дел од откривањето на злоупотребите. Често пати оваа инфомација ја гради основата за почетна административна истрага, интерна или екстерна, а таа пак може да резултира со кривична истрага.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ја препознава важноста и улогата на Законот за заштита на укажувачи и согласно обврските кои произлегуваат од истиот ја има воспоставено правната рамка во Инспектораот, но за целосна применливост потребно е доусовршување преку одржување на обуки во соработка со Државната комисија за спречување на корупција и одржување на обуки со вработените во Инспекторатот со цел запознавање со улогата на законот.

## 2.5.Носители на активностите

Носители на активностите предвидени во Планот се: директорот на ДИГУ, раководителите на сектори/одделенија, како и сите вработени во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам (инспекцискиот и административниот дел).

Донесувањето на овој план, наметнува обврски за секторите и одделенијата во ДИГУ со временска рамка за реализација за што е потребно секој раководител/вработен на организациската единица задолжена за реализација на обврските од Антикорупцискиот план да ја следи агендата со активности и дефинирана временска рамка за нивно реализирање.

Директорот е надлежен да ја следи реализцијата на Годишниот план и активностите утврдни во истиот врз основа на квартални извештаи од одговоните лица за секоја активност од Планот.

## 3. Завршен дел

Годишниот план за спречување на корупцијата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за 2024 година се објавува на веб страната на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Годишниот план за спречување на корупцијата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за 2024 година влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изработил:
Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на ОНПОР

## АГЕНДА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРТ ЗА ГРАДЕЖНИШВО И УРБАНИЗАМ

| Ред бр. | Цел | Активности | Носител | Временски рок |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јакнење на инегритетот на вработените, градење на култура на нетолерантност кон корупцијата | Континуирани обуки за сите вработени преку соработка со ДКСК, МИОА и други релевантни институции за конкретна област | Сектор за нормативно правни, општи и други работи, Одделение за...../Раководители на одделенија/сектори/Директор | Континуирано |
| 2 | Почитување и правилна примена на законската регулатива со кои е уредена надлежноста на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам | Навремено и законито изрекување на соодветни инспекциски мерки за утврдените недостатоци и доставување наточни, прецизни извештаи за извршените инспкциски надзори, извршените мерки како и исходот од изречените мерки. | Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор од областа на градежништвото и урбанизмот, Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото и Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизмот | Континуирано |
| 3 | Почитување на Етичкиот кодекс на инспекторите и Етичкиот кодекс на административните службеници | Одржување и учество на обуки на вработените за примена на Кодексите | Директор, раководители на сектор/одделенија | Континуирано |
| 4 | Зголемување на институционална та транспарентност и доследно спроведување на Законот за слободен | Навремено објавување на веб страната на закони, буџетот, информации, извештаи и | Овластено лице за слободен пристап на информации од јавен карактер | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | пристап до информации од јавен карактер | настани кои се поврзани со работата на инспекторатот. Доставување на навремени извештаи до АЗПИЈК | | Континуирано |
| 5 | Воспоставувње на Систем за управување со ризици за појава на корупција | Изработка на Регистар на ризици и План за третирање на истите | Директор, раководители на сектор/одделенија | Континуирано |
| 6 | Зајакната контрола и надзор на јавните набавки и процесот за управувње со јавните финансии | Учество на обука на вработените за спроведување на јавните набавки | Одделение за финансиски прашања / вработените кои учествуваат во процесот на јавни набавки | Континуирано |
| | | Објавување на веб страната на инспекторатот на годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки | Одделение за финансиски прашања / лице за слободен пристап на информации од јавен карактер | Континуирано |
| 7 | Воспоставување на Систем за заштита на личните податоци-интегритет на информациите | Носење на Правилник за заштита на личните податоци | Директор/Офицер за заштита на личните податоци | Континуирано |
| | | Обуки од областа на личните податоци | Офицер за зштита на личните податоци/ во соработка со АЗЛП | Континуирано |
| 8 | Активно учество во воспотавување на електронскиот систем за инспекција „Е-урбанизам“. | Активности за отпочнување со примена на електронскиот сисем за инспекција „Е-урбанизам“. | Раководител на Сектор за инспекциски надзор од областа на градежништвото и урбанизмот, Раководител на одделение за инспекциски надзор од областа на градежнишвото, Раководител на | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | инспекциски надзор од обласга на урбанизмот и Раководител на одделение за нормативно првни, општи и административни работи | |
| 9 | Целосна применливост и доследно спроведување на Законот за заштита на укажувачите | Одржување на обуки за вработените | Во соработка со ДКСК / Овластено лице за постапување по пријави | Континуирано |
| | | Постапување по пријави на укажувачи Доставување на извештаи до ДКСК | Овластено лице за постапување по пријави | Континуирано |